

Господ Исус Христос, со Своето предвечно човекољубие, одлучил да го спаси човечкиот род.
На 30- годишна возраст бил крстен во реката Јордан од Свети Јован Крстител.
„Не плаши се“ - му зборува Исус на Јован - туку биди смел:
Крсти ме; зашто јас ќе го ослободам светот; се предавам на смртта умртвената природа да ја оживеам.

Ти, иако ти наредувам, се стеснуваш да ја подадеш својата рака, а Евреите, по некое време не ќе се засрамат бесрамно своите раце да ги кренат на Мене, за на смрт да ме предадат...
Заради човекот станав Човек.
Значи, што е чудно што како Син Човечки доаѓам да се крстам.
Зашто, созданието на своите раце не го презрев, не се посрамив од земната природа; останувам што бев; и што не бев зедов на себе, а моето битие останува непроменливо". (Св. Јован Златоуст)

Во библиска Палестина, на денот 19 јануари, на денот Богојавление (кога Бог се јави), Божјиот Син влегол во Јордановите води.
Свети Јован Крстител Го крштевал.
"Денес се осветува природата и се разделува Јордан, и гледајќи го Владиката како се крштева, го враќа текот на своите води".

О, ново чудо!
Исус во водата војувал против сатаната.
Тој ги смачкал главите на таму вгнездените змии.
Тој, со Светиот Дух и водата, ја обновил изветвената од грев човечка природа.
Во Јордановите води ги потопил гревовите на луѓето.

Непријателот на човечкиот род - сатаната, кој исфрлен од небото се вгнездил во водата, но Исус дошол и оттаму да го истера.

Тој дошол да ја обелодени неговата немоќ.
Го очистува и го осветува светот.

„Секоја светлина му се умножува на светот“.
Се радува небото и секое суштество ликува на земјата.
Иако е Господ, Тој зел облик на слуга за да го излекува родот човечки од неговите гревови и рани.
Но, ѓаволот плаче, чувствувајќи и гледајќи дека се подготвува бања, која единствено него ќе го удави.

## Богојавление - Водици

На брегот на реката Јордан е и народот.
Некој само гледа и се чуди што се случува, некој чувствува радост во душата и слави, како да сака да зачекори по патот на Спасителот - по патот на Бог Кој се јави, по патот на Љубовта.
Некој го чека и своето крштевање.

Исус излегува од водата.
Небесата се радуваат.
Небесата Му се отвораат.
Духот Божји слегува како гулаб и се спушта над него.
Воздухот се осветува со летањето на Духот.
Се осветува и природата на водата.
Таа се учи да ги мие душите и телата.

Глас од небесата говори:
„Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!“
Бог од небесата му ја објавува на светот светата тајна за Света Троица дека Бог е:
Бог Отец, Бог Син и Бог Свет Дух.
Три божествени лица, една божествена природа и битие.
Крстен од човечка рака, од раката на наречениот „ангел во тело“ - Св. Јован Крстител, осветувајќи ја водата, пресветиот и безгрешен Христос ни го покажа патот на преродбата на човештвото со вода и дух, нè ослободи од ропството на гревот и нè упати кон првобитната слобода, која ни е дар на неговото човекољубие и милосрдие.

Во спомен на крштевањето на Господ Исус Христос и објавувањето на Светата Троица, се прославува големиот Господов празник Богојавление.
Поради тоа што со влегувањето во реката Јордан, Исус ја осветил водата, празникот е познат и со името Водици.

На овој ден и ние го славиме Отецот, Кој одозгора говореше и Чиј глас се слушаше, Синот, Кој долу на земјата се крсти во Јордановите води, и Духот, Кој како гулаб слезе. Го славиме Едниот во Троица Бог, на Кого навек му се поклонуваме.

За спомен на оваа Божествена тајна - Крштевање на Господ Исус Христос, за спомен на овој значаен настан од животот на Неговото спасоносно дело на земјата, и денес се свети вода.
На празникот Богојавление се врши голем Богојавленски водосвет и тоа надвор од храмот, во неговиот двор, на море, езеро, река, чешма, извор и сл.
Свечено, со литија, се тргнува кон местото на водосветот.

Се упатуваат молитви кон Бога, да се осветат водите, со силата, дејството и слегувањето на Светиот Дух и да се просветиме со светлината на познанието.
Да ни дарува Бог благодет и да ни испрати благословување Јорданово.
Се пее црковната песна:
„Гласот Господов – над водите извикува:
Дојдете, примете го сите духот на премудрост, духот на разум, духот на страв Божји, од Христа Кој се јавил...
Господи, си дошол кон гласот од оној кој вика во пустината - пригответе го патот Господов - откако прими лик на слуга, барајќи крштение - Ти што не знаеше за грев. Те видоа водите и се исплашија.

Претечата затрепери и извика:
Како да го осветли Светилникот на светлината, како слугата да ја положи раката на Господарот?
Освети ме мене и водите, Спасителу, Ти, Кој го земаш гревот на светот".

Со песни ги прославуваме
големината и чудесата Божји:
„Велик си, Господи, и чудни се твоите дела и ниеден збор не е доволен да ги испее Твоите чуда“.

**Водокрст - Свети Јован Крстител**



**Историја**

**Предхристијанско празнување и традиција**

Богојавление бил празник на многубожниот бог давател Дајбог кој ги исполнувал желбите на луѓето кои му се обраќале при отворањето на небото. Имено, според верувањето, ноќта спроти празникот точно на полноќ, на глуво доба, се отворало небото и на сите што будни ќе го дочекале тој час Бог им ги исполнувал желбите. Според едно предание од Охрид што го забележал Кузман Шапкарев некој човек што овој миг го гледал низ прозорецот сакајќи да има еден осмак пари по погрешка рекол: „Дај ми Господи, еден осмак глава“. И за чудо на часот главата му пораснала колку еден осмак, та не можел да си ја тргнит назат од пенџерата и му останала надвор од пенџерата, а тој како закоан на неа”. Тој час како што се верува и водите престанувале да течат за миг и биле многу лековити. Од таа вода да се налеело можело да се лекуваат разни болести. Ако пак не се налеела во тој миг водата можела таква да се напрви откако ќе се освети (покрсти) по специјален обред што го изведува свештеникот.

Во библиската Палестина, на реката Јордан, се слушал гласот на пророкот Св. Јован Крстител, кој ги повикувал луѓето да се покајат за своите гревови и да примат крштение. Ги крштевал луѓето од Ерусалим и од цела Јудеја. И Господ Исус Христос доаѓа при Јована на јорданските води. Тој ја позна величината на Христовата божествена природа и затоа зборува: "Еве го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!". Тој го крштева Христа во р. Јордан.

Со тоа Христос го потопи прародителскиот грев и гревовите на сите луѓе од постоењето на светот. Штом се крстил, излегол од реката, му се отвориле Небесата и Духот Божји во телесен вид како гулаб се спуштил над Него. Глас од Небесата говорел: "Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја! "Гласот на Отецот е упатен кон Неговиот Син, но поради Него ги повикува сите луѓе од светот да станат синови и ќерки Божји.